94(381):32-05
94(381)”-0356/-0323”
929.7(381)”-0356/-0323”

**Ангела Китановска (Северна Македонија)**
**е-пошта: kitanovska1998@gmail.com**

# КОН КНИГАТА „РАЗНОВЕРЦИ: МЕЃУРЕЛИГИСКИ СОЖИВОТ НА СЕЛО ВО ЗАПАДНА МАКЕДОНИЈА. СТУДИЈА ОД ОБЛАСТА НА СОЦИОКУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА“ ОД Д-Р МАРЧИН ЛУБАШ[1]

Книгата „*Разноверци: Меѓурелигиски соживот на село во западна Македонија. Студија од областа на социокултурната антропологија*“ е студија за меѓурелигискиот соживот во едно село во западна Македонија. Авторот е проф. д-р Марчин Лубаш (Marcin Lubaś) – полски истражувач, социолог и антрополог од Јагелоњскиот универзитет во Краков, Полска. Со цел да собере материјали за планираното истражување, М. Лубаш во Македонија доаѓа уште во 2000-тата година. Со помош на академик Зузана Тополињска и нејзината асистентка Соња Миленковска, тој започнал да го учи македонскиот јазик. Благодарение на соработката помеѓу Институтот за социологија на Јагелоњскиот универзитет и Институтот за социлогија на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, тој често патувал во Македонија и полека го развивал своето истражување. Последните шест години, од 2006-тата до 2010-тата година, се задржал во пределот Долна Река и неговиот административен центар, селото Ростуше, каде што се фокусирал на истражување на меѓурелигискиот соживот на жителите, а во 2011-тата година ја издал книгата „Разноверци“ на полски јазик. Во 2021 година, книгата е преведена од полски на македонски од страна на преведувачката Марија Бартошевич-Атанасовска, под стручна редакција на Љупчо С. Ристески, а во издаваштво на Македонското студентско етнолошко друштво – МСЕД. Објавувањето и преводот на книгата финансиски се поддржани од Министерството за култура на Република Северна Македонија согласно со Годишната програма за финансирање проекти од национален интерес од сферата на издавачката дејност за 2021 година.

Најопшто земено, темата на овој труд е истражувањето и анализата на општествениот соживот помеѓу разноверците во Долна Река (с. Ростуше) каде што живеат припадници на две монотеистички религии – муслимани (сунити) и православни христијани. Истражувањето покажува дека меѓурелигискиот соживот има сложен и повеќеслоен карактер и дека се состои од разновидни сложени интеракции и односи, како и „општествени граници“, односно е нормативно санкционирано, што практично значи реализирање специфични форми контакти

1 Marcin Lubaś. *Różnowiercy: Współistnienie międzyreligijne w zachodniomacedońskiej wsi. Studium z zakresu antropologii społeczno-kulturowej*. NOMOS. Kraków, 2011.

или нивно избегнување помеѓу припадници на различните вероисповеди. Целта на ова истражување е да се одговори на прашањето зошто разноверците избегнуваат контакти во одредени области на општествениот живот, а во други, пак, ги поддржуваат.

При истражување на современата културна разновидност на Македонија, потребно е да се земат предвид три прашања: најпрвин – содржината на културата, која е подложна на побрзи или побавни промени, потоа – културните разлики, кои се општествено создадени и одржувани, а зависат од дејствувањето на актерите, и на крајот – границите на овие единици на анализа што ги условуваат сите аспекти на човековите активности. Авторот, исто така, нагласува дека во ова истражување е важно да се земат предвид социоекономските промени во Македонија по независноста.

Авторот М. Лубаш забележува дека на Балканот, честопати, културните разлики не се совпаѓаат со јазичните, религиозните и идентитетските разлики, што се совпаѓа со теоретскиот концепт на Фредерик Барт (Frederik Barth), кој вели дека дистрибуцијата на етничките идентификации не се совпаѓа со дистрибуцијата на другите културни одлики и дека меѓуетничките контакти им овозможуваат на луѓето да создадат чувство на посебност.

Во ова истражување вниманието е насочено кон четири области на меѓурелигискиот соживот:

Религиозни практики и обреди;

- Правила и практики за склопување бракови, односи на сродство и семејни односи;

- Јавен простор во селото и соседски односи;

- Политика и локални односи на власта во местото на истражувањето.

Како теоретски основи авторот ја користи теоријата на меѓузависности и општествени граници:

- М. Лубаш ги разгледува и толкува општествените меѓузависности преку идејата за релационизам, кој се спротивставува на идејата на гледање на предметите на истражување како самопостоечки објекти, при што се обрнува внимание на зависностите меѓу нив.

- Општествените граници, според М. Лубаш, претставуваат збир на правила што ги регулираат сите видови контакти, а, според Ф. Барт, го уредуваат и општествениот живот. Тие претставуваат забрана и ограничување на одредени сегменти на меѓусебни контакти, а истовремено се извор на општествени и културни разлики меѓу луѓето. Овие граници ја формираат дисјунктивноста (на пр. православните и муслиманите ги практикуваат религиските практики одделно).

Тој ја разгледува верската разновидност како една од формите на културна разновидност, а во вториот дел дава објаснување за неговиот став кон културната разновидност, објаснувајќи ја културата како збир од информации произведувани и меѓусебно пренесувани од страна на луѓето. Ја поддржува и идејата за културна модуларност, која постулира дека не може однапред да се претпостави дека културните содржини се поврзуваат меѓусебно во еден интегриран систем. Во рамките на различните форми на организација на културите се среќава варијабилност.

## Ритуали и граници

Авторот, во овој дел, се надоврзува на ставовите на Ентони Коен (Anthony Cohen), кој вели дека обредите се симболични претстави за заедниците и за нивните општествени граници, т.е. дека во нив посебноста се манифестира преку симболични акции и претстави. Лубаш, согледувајќи го фактот дека во Долна Река општествените граници се најмногу зачувани во сферата на верските ритуали (не постои човек што еднакво учествува во ритуалите на двете религии), доаѓа до заклучок дека ритуалите ги пресоздаваат општествените граници. Сепак, во одредени ситуации постои и комбинирање на елементи од двете религии. Тоа се случува кога луѓето бараат помош од натприродни сили при болест, ако некој им фрлил магија и сл.

## Практики на верска ендогамија

Во Долна Река е зачуван принципот на верска ендогамија, односно избор на сопружник со иста религија. Како една од причините за таа практика се наведува разликата помеѓу ритуалите и избегнувањето конфликт. Како најголем проблем, луѓето го гледаат идентификувањето на потомството на разноверските сопружници, нивното подложување на социјална осуда („...имаш мајка каурка...“)[2]. Разноверскиот брак е општествено санкциониран, со што претставува социјална граница помеѓу муслиманите и христијаните. Санкциите започнуваат од социјална осуда па сѐ до погребување на починатиот припадник на таков брак надвор од гробиштата на верската заедница. Сепак, соговорниците на М. Лубаш посочуваат дека, иако ретко, постојат такви исклучоци каде што бил склучен брак помеѓу двајца сопружници од различна вера иако биле воспитувани во духот на верската ендогамија. Интересна е една од изјавите наведени од интервјуата на М. Лубаш каде што еден од соговорниците вели дека „верата лежи во душата и со текот на времето доаѓа до израз, додека љубовта е првите две години од бракот, а потоа сѐ се сведува на почит. Со текот на времето, ако сопругата е православна, ќе почне да ја застапува својата религија, што ќе биде причина за раздор во семејството“. Други, пак, со попрогресивни размислувања, ги оставале младите да се земат, но, сепак, велат, биле со одредена доза резерва поради славењето на различни празници, различни обичаи итн. Авторот заклучува дека, иако разноверските бракови понекогаш се можни, сепак не сретнал случај на практикување на двете религи од страна на едно лице истовремено.

2 V9, православен, 65, од Велебрдо 1.

**Соседство**

Во делот посветен на соседството, авторот истражува дали постои форма на просторна сегрегација на луѓето во оваа област врз основа на верски или етнички критериуми. Селата во овој предел се густо населени и со многу градби на мал простор, а се поделени на населби – маала. Жителите од различни вероисповеди живеат распрснато низ Ростуше, а тоа се должи на промените што се случиле во 50-тите и 60-тите години во Југославија. Имено, многу муслимани емигрирале во Турција и им ги продале своите домови на православните. И покрај тоа, кога станува збор за верските објекти, тие се поделени на муслимански и православни – не се случува муслиманите да влегуваат в црква, а православните в џамија. Сепак, и покрај тоа, локалните муслимани биле вклучени во градењето на надгробни споменици и во реновирањето на црквата. Постои исклучок, во потрага по некаков лек, лековита вода, т.е. помош од Бог, муслиманите да влезат во православните манастири. Авторот ја истражува и дружбата на разноверците, односно нивниот социјален живот – поточно играњето карти. Кај нив постои непишано правило да не играат карти лица од различна религија со цел да не дојде до расправија, со што уште еднаш се потенцираат границите помеѓу разноверците што го регулираат општествениот живот. Во Ростуше, за народот се битни добрите меѓусоседски односи. Меѓу нив постојат важечки правила што го регулираат тој однос – поздравување на улица, одење на гости за време на празници, размена со јајца за Велигден и баклава за Рамазан, меѓусебна помош итн., чиешто непочитување најчесто доведува до конфликт.

**Разноверците во политиката**

Авторот во овој дел сака да провери дали постои општествена граница во политичката сфера помеѓу муслиманите и православните христијани. Политичката сцена во Македонија е етнички поделена на „македонски блок“ и „албански блок“, што значи дека во основа Македонците гласаат за една од македонските партии, а Албанците за една од албанските партии. Анализата на Лубаш води до заклучок дека во локалната политика не постојат општествени граници помеѓу разноверците во смисла на тоа дека припаѓањето на верската заедница наметнува припадност или поддршка кон одредена партија, иако, сепак, има разлика помеѓу православните и муслиманите во нивната политичка активност. Православните Македонци досега не се вклучувале во политичката активност на албанските партии, што значи дека, иако политичката граница меѓу православните и муслиманите е остро исцртана, тоа не е случај со муслиманите што зборуваат македонски и православните Македонци, од една страна, и Албанците и муслиманите што зборуваат македонски, од друга страна, т.е. нивните политички односи се лишени од дисјунктивни разлики, како резултат на тоа што муслиманите што зборуваат македонски не ја прифаќаат целосно националната рамка на Македонија за организација на културата. Авторот се сомнева дека причина за тоа е што во македонскиот национален наратив православното христијанство и Македонската православна црква (МПЦ) заземаат видно место. Институциите на моќта и елитните организации се занимаваат

со промовирање на национална идеологија меѓу различните групи население. Одговорите на политиките за оформувањето на нацијата може да варираат, што станува основа за различна категоризација на населението – „мнозинство што формира нација“ и „национални малцинства“. Ова може да биде комплексен процес во кој дел од групата ја усвојува националната идеологија, дел ја изменува и трет ја отфрла, каков што е случајот со муслиманите што зборуваат македонски. Дел од нив ја прифаќаат националната културна рамка создадена од македонската елита, но дел се спротивставуваат и се приклонуваат кон албанските партии. Сепак авторот нагласува дека гласањето за одредена политичка партија примарно зависи од тоа какви придобивки ќе добие лицето од партијата, а идеологијата на партијата игра секундарна улога. На крајот, авторот го истражува и нивото на соработка помеѓу двете страни – православието и исламот, за што заклучува дека за Река генерално е карактеристичен добриот меѓурелигиски соживот и соработка, кој се огледа во разни брошури што ја прикажуваат носијата на двете религиски групи, настапи на ансамбли од двете групи итн.

Описот на општествениот поредок на меѓурелигискиот соживот сочинет во ова дело може да послужи за какво било теоретско размислување, како и за отворање на многу прашања во врска со општествените услови на меѓурелигискиот и меѓуетничкиот соживот и разните облици на културна диференцијација. Како што може да се види, односите и општествените граници меѓу разноверците добиваат многу различни општествени форми во зависност од специфични услови, па поради тоа целта на авторот не е „да го открие“ меѓурелигискиот соживот како непроменлива форма, туку токму спротивното, да покаже дека тоа е процес подложен на културни и општествени услови. Во овој труд авторот, исто така, се обидува да ја потенцира важноста на општествените граници и односи во религиски разновидно место, кои се користат за минимизирање на конфликтите помеѓу луѓето.

Објавувањето на списанието „ЕтноАнтропоЗум“ бр. 22/2022 година е финансиски помогнато од Министерството за култура на Република Северна Македонија согласно Договорот за финансирање проекти од национален интерес од областа на литературата и издавачката дејност за 2022 година